# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ПРАШАЊА И ЗАДАЧИ ПО ХЕМИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ ОД Д-Р МАРИНА СТОЈАНОВСКА, ДОЦЕНТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ХЕМИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Ракописот под наслов Прашања и задачи по хемија за VIII одделение е, всушност, учебно помагало (збирка задачи и прашања), наменето за учениците од 8-те одделенија на основното образование во Република Македонија. Збирката е подготвена во согласност со постојните програми по хемија (популарно познати како „Кембриџ“).

Прашањата и задачите се внимателно осмислени, прецизно формулирани и мошне корисни за продлабочување на знаењата од полето на хемијата, особено концептуалните знаења коишто се темелат на размислување и разбирање. Тие варираат според својата тежина и типот, овозможувајќи на тој начин учениците да се здобијат со потрајни знаења и да развијат креативно и критичко мислење.

Се очекува овој ракопис да ја пополни празнината што постои во ваков вид литература од областа на природните науки (и, поспецијално, хемијата). Книгата може да ја користат сите ученици, особено оние што се готват да учествуваат на натпревари по хемија во основните училишта, а корист може да имаат и наставниците кои изведуваат настава по хемија.